# „Две благодати кои многу луѓе не знаат да ги искористат се: здравјето и слободното време.“

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Две благодати кои многу луѓе не знаат да ги искористат се: здравјето и слободното време.“
[صحيح] [رواه البخاري]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, укажува на две големи Аллахови благодати со кои е почестен човекот, но многумина не ги искористуваат како што треба – туку ги трошат на погрешни места. Кога човекот има и здравје и слободно време, а сепак ќе го надвладее мрзеливоста и ќе ја запостави покорноста кон Аллах – тогаш тој е вистински губитник. А таква, за жал, е состојба на мнозинството луѓе. Спротивно на тоа, оној што ќе ги искористи здравјето и слободното време во ибадет и послушност кон Аллах – тој е вистински добитник. Зашто овој свет е поле за сеидба за Ахиретот, и токму тука се стекнуваат делата чии резултати ќе се видат на Ахиретот. Слободното време не трае вечно – по него доаѓа зафатеноста. Здравјето исто така не е трајно – следуваат болести, а дури и да нема друго – староста сама по себе е доволна причина човекот да ослабне и да не може да прави добри дела како порано.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5449